





# ЗНМ и Советот за етика во медиумите со осуда за заканите и навредите врз новинарката Мирослава Бурнс

**Категорија:** Македонија Создадено: 02 Март 2020



FACEBOOK TWITTER GOOGLE+ LINKEDIN PINTEREST

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ) ги осудија заканите и навредите врз новинарката на „Слободен печат“, Мирослава Бурнс од страна на Ласте Ивановски, вработен во Царинската управа.

„Во текот на вчерашниот ден Ивановски преку социјалната мрежа Фејсбук упатил недолични навреди и закани кон новинарката Бурнс. Овој непримерен начин на комуникација и малтретирање е неприфатлив и претставува директна закана кон слободата на говорот. Го повикуваме Министерството за внатрешни работи итно да ги преземе сите мерки за расчистување на овој случај. Истовремено, земајќи во предвид

ПОСЛЕДНИ НОВОСТИ


Мај 27, 2021
**Тебас: Мислите дека сме глупави, не е закана само Суперлигата, закана...**


Мај 27, 2021
**Принцот Хари и Опра домаќини на втората епизода на серијата за...**


Мај 27, 2021
**Бектеши: Трговијата е значајна за зголемување на соработката во...**


Мај 27, 2021
**Извлечени првите добитници на лотаријата за вакцинирани во Охајо**

Мај 27, 2021
**Макрон ја призна одговорноста**

НАЈЧ СТАТ


Утре вода улиц Карп


Прин Хари дека први збор сино бил.


(Вид АНК ФИН Поза успе студ криe


Раде Евро пат к Севе Маке кон I мину Соф


Прин Вил Кејт ги вооду крал фан


Цени Лопе




преземат соодветни санкции против нивниот вработен со цел вакви случаи да не се повторуваат во иднина“, велат од ЗНМ. ЗНМ потсетува дека онлајн заканите и малтретирањето се во подем во предизборниот период и уште еднаш апелира до партиите и граѓаните да се воздржат од закани кон новинарите бидејќи тоа претставува кривично дело за кое се предвидени ригорозни казни.

Настанот го осуди и Советот за етика во медиумите. Од таму велат дека последниот случај на вознемирување, навреди и онлајн притисоци врз новинарката Бурнс, од лице вработено во Царинската управа на Македонија, е уште еден показател на тенденциите за попречување на работата на новинарите во известувањето за прашања од јавен интерес.

„Ваквите инциденти и непријателскиот амбиент што го предизвикуваат се директен напад врз слободата на изразување, а во случајов уште позагрижувачки е што новинарката е мета на напад и како вработена во медиум и како жена. За Советот за етика во медиумите на Македонија е целосно неприфатливо на каков било начин да се попречува професионалната работа на новинарите, која треба да биде ослободена од секакви закани и притисоци. Притисоците врз новинарите, било директни или индиректни, сериозно може да влијаат врз начинот на којшто новинарите ја остваруваат својата дејност, изборот на сториите за коишто известуваат и начинот на којшто ќе обработуваат прашања од јавен интерес“, велат од СЕММ.

Од таму апелираат до институциите да ги преземат соодветните мерки за целосно расветлување и расчистување на ваквите инциденти. Решавањето на случаите од овој вид ќе го обесхрабри повторувањето на ваквите чинови на притисоци врз медиумите.

Like Share Vlatko Vasilj and 3.9K others like this.

Забрането копирање на авторска содржина без претходна писмена потврда од МТМ ТВ ДООЕЛ. Доколку сметате дека вашето авторско право е прекршено ве молиме да не контактирате на info@mtm.mk

## Можеби ќе ве интересира:



**Папата го бакна тетовираниот број на жена која го преживеа...**




**Во Србија стигна последната пратка со кинески вакцини од...**



**Мицкоски на средба со Рот: Македонија заслужува да добие...**



**на Франција за геноцидот во Руанда**



Мај 27, 2021

**Германски научници: Ја решивме мистеријата за згрутчување на крвта по...**

нивн
балк



Утре
сред
стру
дело
неко
опш



**Растурена забава со музика во живо во кафеана во Јурумлери**



**Операта „Аида" од Џузепе Верди на отворено пред...**



**Германски научници: Ја решивме мистеријата за згрутчување..**




Согласни со iab.
Етички кодекс

Сите статии објавени на МТМ.мк се во согласност со ИАБ етичкиот кодекс

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .

© МТМ ТВ Дооел - Скопје. Сите права се заштитени.